OHRIDSKA BANKA

SOCIETE GENERALE GROUP

Врз основа на членот 57 точка 25 од Статутот на Охридска банка АД Скопје, Надзорниот одбор, на седницата одржана на 27.2.2019 година, донесе

**ПИСМЕНО МИСЛЕЊЕ**
**по Годишниот извештај за работењето**
**на Охридска банка АД Скопје во 2018 година**

Надзорниот одбор на Охридска АД Скопје го разгледа Годишниот извештај за работењето на Охридска банка АД Скопје во 2018 година на седницата одржана на 27.2.2019 година и го даде следното мислење:

1. Годишниот извештај за работењето на Охридска банка АД Скопје во 2018 година содржи податоци за макроекономските, монетарните и за регулаторните услови во кои Банката ги остваруваше своите активности, податоците за состојбите, движењата и за структурните промени во билансот на состојбата, за остварениот финансиски резултат, управувањето со ризиците, корпоративното банкарство и банкарството на мало, развојот на производи, прометот во земјата и во странство, информациите за управувањето со човечките ресурси, управувањето со информатичката техологија, преземените маркетиншки активности и за другите банкарски активности што се во функција на поуспешно работење на Банката.

2. Извештајот дава целосна слика за работењето на Банката и на нејзините организациски единици во 2018 година. Податоците во Извештајот укажуваат на позитивни трендови кај повеќето банкарски активности и остварување позитивен финансиски резултат.

3. Во Годишниот извештај е вграден Извештајот за корпоративното управување изготвен врз основа на Кодексот за корпоративно управување на Банката и на Одлуката за правилата за добро корпоративно управување во банка.

4. Според наше мислење, Годишниот извештај реално и објективно го презентира работењето на Охридска банка АД Скопје во текот на 2018 година.

НО бр. 0203-12628/8-1-1
27.2.2019 г.
Скопје

НАДЗОРЕН ОДБОР
Претседател,

Жан-Филип Гијом